МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 12 став (9) од Законот за Државниот инспекторат за земјоделство („Службен весник на Република Македонија" бр. 20/09, 53/11, 164/13, 43/14, 33/15, 88/15 и 149/15), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ИЗДАВАЊЕ НА УВЕРЕНИЕТО ЗА КВАЛИТЕТ - СЕРТИФИКАТ И ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО

## Член 1

Со овој правилник се пропишува формата, содржината и начинот на издавање на уверението за квалитет–сертификат и образецот на барањето.

## Член 2

Уверението за квалитет–сертификат за производите се издава на А4 формат, на 80 грамска хартија во бела боја.

Формата и содржината на уверението од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.

## Член 3

Образецот на уверението за квалитет–сертификат е отпечатен на македонски и англиски јазик во четири еднобразни примероци.

## Член 4

Уверението за квалитет–сертификат се издава по поднесено барање за увоз, извоз и внатрешен промет до Државниот испекторат за земјоделство, со пропратни документи кој го следат производот, а служат како доказ за веродостојност на податоците наведени во барањето и приложена уплатница за контрола на квалитет.

Барањето за издавање на уверение за квалитет–сертификат за извоз се поднесува од извозникот и за производи кои не подлежат на контрола на квалитет доколку странскиот купувач или земјата увозник бара уверение за тие производи.

Барањето се поднесува 24 часа пред да се изврши натоварот.

Државниот инспекторат за земјоделство постапува само по барања кои ги содржат сите комплетни податоци и пропратни документи.

Некомплетните барања инспекторот ќе ги врати за дополнување и по нив ќе постапи откако недостатоците ќе бидат отстранети.

**Член 5**

Заради издавање на уверението за квалитет–сертификат се врши контрола на квалитетот на сите производи со органолептички преглед на производот, а за одредени производи за кои неможе со органолептички преглед да се утврди квалитетот односно не може со сигурност да се утврди составот или одредени елементи на квалитетот кои се битни за утврдување на квалитетот на производот, а истите се наменети за извоз, увоз и внатрешен промет уверението се издава по претходно извршена лабораториска анализа.

**Член 6**

За производите кои подлежат на контрола на квалитет, а за кои не е пропишан квалитетот за пуштање во промет на внатрешен пазар, увозникот треба со барањето за издавање на уверение да достави и писмени податоци за хемискиот состав и содржината на компонентите како и други неопходни податоци за идентификација и утврдување на квалитетот на тие производи.

За производите за кои е договорен извозен квалитет со странскиот купувач, кои отстапуваат од пропишаните стандарди за квалитет извозникот треба, со барањето за издавање на уверение да приложи и доказ дека таквиот квалитет е договорен.

**Член 7**

Образецот на барањето за издавање на уверение за квалитет - сертификат е со А4 формат на 60 грамска хартија во бела боја.

Образецот на барањето од ставот 1 на овој член е даден во Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник.

**Член 8**

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за формата и содржината на образецот на уверение за квалитет („Службен весник на Република Македонија“ број 59/09).

**Член 9**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 02-9562/1 | Министер за земјоделство,
11 септември 2015 година | шумарство и водостопанство,
Скопје | м-р Михаил Цветков, с.р.

Прилог 1

Сериски број: 000000

| **РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**<br>**ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО**<br>**REPUBLIC OF MACEDONIA**<br>**STATE AGRICULTURE INSPECTORATE**<br><br>**Бр./ No.** ______________________ | **УВЕРЕНИЕ ЗА КВАЛИТЕТ**<br>**СЕРТИФИКАТ**<br>на земјоделски производи, преработки и стоки<br><br>**QUALITY CERTIFICATE**<br>for agricultural products, processed and goods |
|---|---|

**По извршената контрола на квалитетот на производот за:** After conducting control of product quality for:

увоз/ import ☐ извоз/ export ☐ внатрешен промет од/ internal trade of ☐

**1. Увозник/Извозник /**Importer/ Exporter

**Име и адреса/** Name and address

**2. Произведувач/Трговец /**Producer/Trader

**Име и адреса /**Name and address

| | | |
|---|---|---|
| **3. Вид и регистерски број на превозно средство** / Type and registration number means of conveyance | **4. Земја на потекло** /Country of origin: | |
| **5. Вид и име на производот и класа на квалитет**/Kind and product name and quality class: | **6. Место на влез /** point of entry: | **7. Упатна станица (адреса)** /Place of destination (address): |
| **8. Број на пакувањата** / Number of packages<br><br>**Вид на пакување**/ Type of packages<br>вреќи/ bags ☐ картон/cartons ☐ рефус/ bulk ☐<br><br>**Единици на пакувањата**/ packing units: | **9. Бруто тежина**/Gross weight | **10. Нето тежина**/net weight: |
| **11. Лабораториските анализи ги изврши** /Laboratory analyzes performed::<br><br>**Бројот и датум на лабараториски наод/** The number and date of laboratory findings | **13. Место на издавање** / Place of issue<br><br>**Дата**/ Date<br><br>**Државен инспектор за земјоделство** / State agricultural inspector<br><br>**М.П** / Stamp of organisation | |
| **12. Важност на уверението за квалитет – сертификат** /Validity of the certificate of quality<br><br>Од / from _________ до/to ________ | | |

* **Утврдениот квалитет на земјоделски производи, преработки и стоки одговараат според важечките прописи за квалитет наменети за увоз/извоз/внатрешен промет**

*The established quality of agricultural products, processed and goods respond according to applicable regulations for quality intended for import / export / internal trade

Место за сув жиг

С П Е Ц И Ф И К А Ц И Ј А
S P E C I F I C A T I O N

| реден број No | ИМЕ НА ПРОИЗВОДОТ И ОЗНАКАТА NAME OF THE PRODUCT AND MARK | Број на амбалажни единици на картонот Number of packing units of the carton | Тежина кг Weight kg | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Бруто Gross | Нето Net |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | ВКУПНО TOTAL | | | |

МП

Државен инспектор за земјоделство
State agricultural inspector

____________________________

| штембил |
| --- |

**Прилог 2**

**ДО**
**ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО**

Бул. Гоце Делчев бр.18 Скопје

Врз основа на член 12 став 1, од Законот за Државниот инспекторат за земјоделство (Службен весник на Република Македонија бр. 20/09, 53/11, 164/13, 43/14, 33/15, 88 /15 и 149/15) поднесувам

**БАРАЊЕ**

Барам да ни издадете уверение за квалитет– сертификат/ придружен документ за производот што се:
________________________________________________________________
(увезува, извезува или пушта во внатрешен промет)

**1. ПРОИЗВОДИТЕЛ/ УВОЗНИК/ ИЗВОЗНИК (АДРЕСА И ТЕЛЕФОН)** ________________________________
**2. ДАНОЧЕН БРОЈ НА ПРОИЗВОДИТЕЛ/УВОЗНИКОТ/ ИЗВОЗНИК** ________________________________
**3. ЖИРО СМЕТКА НА ПРОИЗВОДИТЕЛ/ УВОЗНИКОТ/ ИЗВОЗНИК** ________________________________
**4. ВИД И ИМЕ НА ПРОИЗВОДОТ** ________________________________________________________
**5. ЗЕМЈА ИЗВОЗНИК** ________________________________________________________________
**6. ИМЕ НА СТРАНСКИОТ ДОБАВУВАЧ** __________________________________________________
**7. ИМЕ НА ПРОИЗВОДИТЕЛОТ** _______________________________________________________
**8. ЗЕМЈА НА ПОТЕКЛО НА ПРОИЗВОДОТ** _______________________________________________
**9. ВИД И БРОЈ НА ПРЕВОЗНО СРЕДСТВО** _______________________________________________
**10. МЕСТО НА НАТОВАР** _____________________________________________________________
**11. УПАТНА СТАНИЦА** ______________________________________________________________
**12. АДРЕСА НА МАГАЦИНОТ КАДЕ СЕ ВРШИ РАСТОВАР** _____________________________________
**13. КОРИСНИК НА СТОКАТА** __________________________________________________________
**14. БРОЈ НА ПАРЧИЊА И ЕДИНИЦА НА ПАКУВАЊЕ** __________________________________________
**15. ТЕЖИНА БРУТО** ______________________ **НЕТО** ______________________________________
**16. ВРЕДНОСТ НА СТОКАТА ВО ДЕНАРИ** ________________________________________________
**17. БРОЈ НА ДОГОВОР ЗА ШПЕДИЦИЈА** _________________________________________________
(се пополнува само ако барањето се поднесува преку шпедитер)

Со Барањето (во писмена или електронска форма) се поднесуваат следните документи:
- доказ за извршена уплата на административна такса
- доказ за извршена уплата за контрола на квалитет
- производна спецификација;
- фактура
- други документи кои служат за идентификација на пратката.

Производител/Увозник/Извозник
Овластен претставник

Дата
______________20_____ год.

____________________________